Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење

**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

# ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2022 ГОДИНА ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2023 година**

**Содржина**

**Вовед ..................................................................................................3**

**1. Реализирани активности согласно Програмата .....................................3 -13**

**2. Склучени Меморандуми за соработка......................................................13**

**3. Финансиски извештај ...................................................................14**

**Заклучок .................................................................................................14**

**Вовед**

Во Извештајот за реализирани активности на Македонската банкарска асоцијација (во понатамошниот текст МБА) се презентирани активностите кои согласно Програмата за дејствување за 2022 година се реализирани до 31.12.2022 година.

На 34-тата седница на Собранието на Македонската банкарска асоцијација одржана на 24.1.2022 година беше прифатен предлог седиштето на МБА да биде преселено во просториите на Македонска берза, на ул. Орце Николов бр.75, 1-ви кат. Причината за промена на седиштето е продажбата на објектот во кој МБА користеше простории под закуп и важноста на договорот со новите сопственици до 31.03.2022 година.

На почетокот на годината МБА се доекипира со уште еден вработен, магистар по економски науки со повеќегодишно банкарско искуство.

Воспоставената редовна комуникација помеѓу МБА и Министерството за труд и социјална политика во врска со системскиот пристап при исплатата на месечните пензии и паричните права од социјална заштита, заштита на децата и цивилна заштита продолжи и оваа година.

На 36-тата Седница на Собранието на МБА што се одржа на 26.7.2022 година се одлучи Извештаите за работа на Комисиите при МБА, обединети, да бидат доставувани до Собранието како анекс кон Извештајот подготвен од стручната служба.

На 38-та седница на Собранието на МБА, што се одржа на 01.12.2022 година беше прифатен предлогот МБА да аплицира за членство во Европската асоцијација за обуки за банкарство и финансиски услуги (EBTN) која што ги обединува давателите на стручно образование и обуки во европскиот банкарски сектор веќе 30 години.

На 27.12.2022 година се одржа 39-та седница на Собранието на МБА, на која се донесе одлука за избор и именување на претседавачи и заменици - претседавачи на комисиите со мандат од 4 години кој започнува на 01.01.2023 година.

Благодарници за особен придонес во работата на МБА во 2022 година од Комисијата за платен промет во земјата и странство добија Благица Здравковска – Заменик претседавач, Унибанка АД Скопје, Билјана Митевска и Билјана Адамческа од Комерцијална банка АД Скопје,Снежана Лутвиовска, Стопанска банка АД Скопје и Љупка Ѓорѓиевска, НЛБ банка АД Скопје, од Комисија за заштита на лични податоци - Бојан Богевски, Претседавач, Стопанска банка АД Скопје и Марија Петрушевска, Заменик претседавач, ТТК банка АД Скопје, од Комисијата за спречување перење пари и усогласеност со прописи Глигор Пандиловски, Претседавач, Стопанска банка АД Скопје и Бојана Цветковска Панчевска, Заменик претседавач, Комерцијална банка АД Скопје, од Комисија за ризици Билјана Момировска, Претседавач, Шпаркасе банка АД Скопје и Татјана Лескароска-Миноска, Заменик претседавач, Комерцијална банка АД Скопје.

## 1. Реализирани активности согласно Програма за 2022 година за дејствување на МБА

Согласно Програмата за дејствување на 2022 година, МБА ги има реализирано следниве активности:

*Редовни активности*

- **редовно одржување седници на Собранието на МБА (во текот на цела година**)
  - на 27.01.2022 година се одржа 34-та Седница на Собранието на која се усвои Програмата, Финансискиот план, Завршната сметка и Извештајот за работа на МБА за 2022 година и Одлуката за резултатите од пописот со состојба на ден 31.12.2021 година
  - на 19.4.2022 година се одржа 35-та Седница на Собранието на МБА на која беше донесена Одлука за промена на седиштето на МБА и беше избрана м-р Милена Перчинкова за извршен секретар со четири годишен мандат
  - на 26.7.2022 се одржа 36-тата Седница на Собранието на МБА на која се усвои Извештајот за работа на Асоцијацијата за првото полугодие и се прифати иницијатива за започнување со активности за давање и обезбедување обука за банкарски работници
  - на 31.10.2022 година се одржа 37-тата Седница на Собранието на МБА на која се донесе Одлука за избор и именување на нови членови на Одборот за избор и следење на референтни банки чиј мандат ќе биде во наредните две години
  - На 01.12.2022 година се одржа 38-та Седница на Собранието на МБА, на истата се прифати протоколот за размена податоци со Државната комисија за спречување на корупцијата и се усвои информацијата во врска со предлози за подобрување на пристапноста на банкарскиот сектор за лицата со попреченост
  - на 27.12.2022 година се одржа 39-та седница на Собранието на МБА, на која се донесе одлука за избор и именување на претседавачи и заменици - претседавачи на комисиите и одлука за доделување на благодарници за особен придонес во работата на МБА во 2022 година

- **редовно објавување на Националната референтна каматна стапка НРКС -** НРКС се објавуваше на веб страната на МБА согласно усвоените Правила за објавување

- **редовно објавување на маѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити СКИБОР (Skopje Interbank Offered Rate)** - објавувањето на веб страната на МБА се реализираше веднаш по објава на каматните стапки СКИБОР од страна на Народна банка на РСМ

- **редовно одржување на состаноци на Комисиите на МБА** - во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година Комисиите при Македонска банкарска асоцијација имаат одржано 70 состаноци и тоа, Комисијата за платен промет во земјата и во странство 19 состаноци, Комисијата за спречување перење пари и усогласеност со прописи 12, Комисијата за ризици 8, Комисијата за информативна сигурност 7, Комисијата за заштита на личните податоци 6, Комисијата за работење со хартии од вредност 5, Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ 4, Комисијата за документарно работење 3, Правната комисија 3, Комисијата за човечки ресурси, Комисијата за ликвидност и Комисијата за реструктурирање на корпоративен долг по 1 состанок. Претставници на членките во работната група за односи со јавност на 15.11.2022 година одржаа состанок во врска со информирање на јавноста за новиот Закон за ПУПС.

- **Одбор за избор и следење на референтни банки:**
  - 30.03.2022 година, преку електронската платформа Webex се одржа 7-ма Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки, при што беше изготвен и објавен Извештајот од одржаната седница на веб страната на МБА
  - 28.6.2022 година, во просториите на МБА се одржа 8-ма Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки, Извештајот од седницата е објавен на веб страната на МБА
  - 30.9.2022 година, се одржана 9-та седница на Одборот на СКИБОР, Извештајот од седницата е објавен на веб страната на МБА
  - 27.7.2022 година, добиен позитивен одговор на барањето за согласност за издвојување на модулот за меѓубанкарската каматна стапка на пазарот на депозити - СКИБОР од постоечката Spider Bonds апликација во Народната банка, од вицегувернерката на Народна Банка на СР Македонија, М-р Емилија Нацевска
  - 10.11.2022 година, одржан состанок за примопредавање на должноста од досегашните членови на новоизбраниот Одбор за избор и следење на референтни банки
  - 29.12.2022 година, одржана 10-та Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки, Извештајот од седницата е објавен на веб страната на МБА

- **редовно издавање на МБА е- билтен**
  - на 11.4.2022 година беше издаден петтиот број на кварталникот МБА Е-билтен
  - на 06.7.2022 година беше издаден шестиот број на кварталникот МБА Е-билтен
  - на 12.10.2022 година беше издаден седмиот број на кварталникот МБА Е-билтен
  - На 29.12.2022 година беше издаден осмиот број на кварталникот МБА Е-билтен

- **редовно давање мислења до сите надлежни органи и институции по однос на подготвени текстови на предлози на законски, подзаконски прописи и останати акти што се однесуваат на работењето на членовите на МБА (во текот на цела година):**
  - 03.01.2022 година, до НБРСМ беше доставено мислење и забелешки за измена на *Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот*
  - 26.01.2022 година, Комисијата за работа со хартии од вредност при МБА до Македонската Берза, Централниот депозитар за хартии од вредност и Комисијата за хартии и од вредност, достави мислење по *Одлуката за начинот на работа со посебната сметка*
  - 28.01.2022 година, до НБРСМ Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ и Комисијата за ризици доставија мислење во форма на одговор по предлог – *Одлука за содржина на ревизијата на годишните извештаи* и на работењето на банката
  - 25.02.2022 година, Комисијата за работа со хартии од вредност достави мислење по предлог *Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност за основање и работа на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност*
  - 04.02.2022 година, Комисијата за ризици до НБРСМ достави *Предлог-измени на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик*
  - 08.7.2022 година, Комисијата за ризици испрати допис со *прашања, забелешки и предлози до НБРСМ по Предлог – одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик*
  - 25.7.2022 година, примен одговор од Народна банка по Иницијативата за измени во *Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот*

- 06.9.2022 година, Комисијата за платен промет во земјата и странство до НБРСМ испрати допис во врска со Прашања поврзани со *Рамковниот договор и најрепрезентативните услуги и надоместоци а во врска со новиот Закон за ПУПС*
- 10.10.2022 година, Комисијата за платен промет во земјата и странство до НБРСМ и Министерството за финансии испрати барање за донесување на подзаконски акти врз основа на *Законот за платежни услуги и платни системи*
- 17.10.2022 година, Комисијата за ризици до НБРСМ достави мислење по *Нацрт - одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик*
- 29.11.2022 година, Комисијата за ликвидност до НБРСМ достави барање за вклучување на средствата за инстант плаќања во *основата за пресметка на задолжителна резерва во денари*
- 02.12.2022 година, Комисијата за информативна сигурност до НБРСМ испрати мислење по *Предлог - подзаконските акти од Законот за ПУПС, т.е Одлука за сигурносните мерки за оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежни услуги, Одлука за насоките за класификација на оперативните и сигурносните инциденти и начинот и постапката за известување за настанати инциденти и измами и Одлука за утврдување на барањата за засилена автентикација и општи, сигурни и отворени стандарди за комуникација*
- 12.12.2022 година, Комисијата за платен промет до НБРСМ испрати милење во форма на консултативен документ по *Предлог - подзаконските акти на Закон за платежни услуги и платни системи,* т.е *Одлука за извршување на платежни трансакциии, Одлука за водечки број на давателите на платежни услуги и стандардите за конструкција на платежните сметки и Одлука за условите и постапката за отворање и затворање на платежните сметки*
- 20.12.2022 година, Комисијата за ризици до Народна банка достави мислење по *ОДЛУКА за воведување макропрудентни инструменти и макропрудентни мерки за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица и Предлог - ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот*
- 22.12.2022 година, Комисијата за ризици и Комисијата за финансиско реструктуирање на корпоративен долг до Народна банка доставија мислење во форма на забелешки, коментари и предлози за прилагодување на регулативата за *кредитен ризик во делот на преземање мерки за олеснување на отплатите (реструктурирања/ пролонгирања) за компаниите/ физичките лица најпогодени од енергетската криза*
- на 23.12.2022 година, Комисијата за ризици до Народна банка достави милење за усогласување на *Одлука за управување со ризици и Предлог одлука за сигурносните мерки за оперативните и сигурносните ризици поврзани со платежни услуги*

✓ **подготвување иницијативи и барања за изготвување на потребни акти и прописи, односно изменување и дополнување на постоечки акти и прописи во согласност со потребите и интересите на членовите на МБА (во текот на цела година):**

- на 15.02.2022 година, преку Комисијата за човечки ресурси покрената беше иницијатива за *истражување на платите во рамките на банкарскиот сектор*, која не беше подржана од мнозинството членки

- 08.3.2022 година, до Владата на РСМ и до Комисијата за заштита на населението од заразни болести на РС Македонија, беше упатена Иницијатива за укинување на редарските служби за банките
- 06.4.2022 година, одржан состанок со претставници на НБРСМ по иницијатива на Комисијата за ризици во врска со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот
- 11.4.2022 година, проследена иницијатива за измени на *Одлуката за задолжителна резерва* и *Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот* од Комисијата за ликвидност
- 17.5.2022 година, до министерот за финансии на РС Македонија доставен допис - *Барање за одложување на оданочувањето на камати од депозити*
- 03.6.2022 година, до НБРСМ доставена *Иницијатива за измени на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот*
- 29.6.2022 година, до Македонска Берза доставен допис *Номинирање на член за Дисциплинска комисија на Берзата* АД Скопје, изготвен од Комисијата за работа со хартии од вредност при МБА
- 22.8.2022 година, доставен допис со прашања, забелешки и предлози до Министерството за финансии во врска со концептот на предложени даночни реформи
- 04.11.2022 година, доставен допис до Управата за јавни приходи на РСМ во врска со *Законот за данок на личен доход*
- 21.11.2022 година, Комисијата за документарно работење до Министерството за информатичко општество и администрација достави барање за поширока примена *на е-гаранција*
- 12.12.2022 година, до гувернерката на Народна Банка е доставено барање за 6 месечно пролонгирање на предлог роковите за имплементација на *Одлуките по Законот за платежни услуги и платни системи*

✓ **организирање на националниот натпревар за Европскиот квиз на пари во текот на Европската недела на пари (21-27 март 2022 година)**

- 01.02.2022 година, МБА упати Јавен повик до основните и средните училишта во нашата замја за учество на четвртото издание “Европскиот квиз на пари”
- 24.02.2022 година, беше одржан подготвителен настан за “Европскиот квиз на пари” на кој менторите и учениците беа запознаени со начинот и текот на одржување на квизот и материјалите за подготовка од Народната банка на РСМ и Комисијата за хартии од вредност на РСМ.
- 24.3.2022 година, беше одржан националниот натпревар за „Европскиот квиз на пари“ 2022, на кој учествуваа 878 ученици под менторство на 94 наставници/професори од 72 основни и средни училишта од целата земја Национални шампиони се учениците од училиштето СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје, Матеја Талеска и Дино Дановиц, под менторство на професорката Емилија Величкова
- Собранието на МБА на 38-та седница одржана на 01.12.2022 година, донесе одлука за организација и учество во Европскиот квиз за пари - проект за финансиска едукација на Европската банкарска федерација во 2023 година

- ✓ **Организиран настан по повод Светскиот ден на штедење,** на 31 октомври 2022 година, во ресторанот Рагуза360, во соработка со Фондот за осигурување на депозити на РСМ**.**

- ✓ **редовно известување на јавноста за работењето, соопштенија за тековните активности и програмските задачи преку одржување на интернет страница со ажурирани податоци, како и користење на медиуми (интернет портали, печат, радио и телевизија).**
    - 03.02.2022 година, Соопштение за јавноста во врска со неточното известување за правата на доверителите при распределба на средствата од стечајната маса во случајот Еуростандард банка
    - 23.02.2022 година, Соопштение за јавноста за ненарушување на интегритетот и доверливоста на податоците, во врска со отежнатиот пристап до веб страниците на Народна Банка на РСМ и домашните банки
    - 25.02.2022 Соопштение до јавноста за одржување на настанот Европски квиз на пари,
    - 15.3.2022 година, Соопштение за јавноста за непречено одвивање на менувачкото работење од страна на сите банки, а во врска со шпекулативните и невистинити информации пласирани во јавноста поврзани со движењата на менувачкиот пазар и девизниот курс
    - 25.3.2022 година, Соопштение за јавноста за објавување на националните победници на натпреварот за Европски квиз на пари,
    - 14.4.2022 година, доставен одговор на новинарски прашања за зголемување на основната каматна стапка
    - 06.5.2022 година, до одговорните лица за односи со јавност доставена анкета за потребите на истражување за важноста на социјалната компонета од ESG во банкарството, за време и после Ковид 19 кризата во нашата земја
    - 11.5.2022 година, доставено Соопштение за јавноста во врска со одржаниот Европски квиз на пари
    - 11.5.2022 година, доставени одговори на новинарски прашања во врска со промена на референтната каматна стапка до ТВ Телма, ТВ Сител, МИА и ТВ 21
    - 12.5.2022 година доставен одговор на новинарско прашање од Слободен печат и ТВ Канал 5
    - 08.6.2022 година, вработената Ивана Панчевска, заедно со националните победници на Европскиот квиз на парите, гостуваа во утринската програма "Македонија наутро" во Македонската радио телевизија
    - 15.6.2022 година, објавено Соопштение за јавноста за склучениот Меморандум за соработка меѓу МБА и Агенцијата за заштита на лични податоци
    - 22.8.2022 година, објавено Соопштение за јавноста по одржаната прес конференцијатата на Трифун Костовски
    - 31.10.2022 година, гостување на претставник на МБА во утринската програма Телевизија Телма по повод Денот на штедењето
    - 29.12.2022 година, доставен одговор на новинарски прашања од порталот Фактор

Во рамките на редовното известување до јавноста претседателката д-р Маја Стевкова Штериева на:

- ✓ 14.01.2022 година во емисијата ,, Приказни кои инспирираат" на МТВ каде говореше на тема - Родова застапеност во банкарството

- 23.3.2022 година во емисијата ,,Топ тема”  на ТЕЛМА ТВ каде говореше на тема - Инфлацијата во светски рамки и предизвиците за македонската економија
- 05.8.2022 година, оддржано интервју на претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева за МИА
- 10.8.2022 година, оддржано интервју на претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева за Телевизија 24
- 01.11.2022 година, по повод Светскиот ден на штедењето 31 октомври, претседателката д-р Маја Стевкова Штериева гостуваше во Тема на денот на Телевизија Сител
- 23.11.2022 година, учество на претседателката на конференција „Македонската економија во двоен шок – каде се движиме?“ организирана од М6 Едукативниот центар
- Интервју со претседателката д-р Маја Стевкова Штериева во декемвриското издание на магазинот Капитал

***Соработка со Европската банкарска федерација***

✓ **учество на 53-тиот состанок на асоцијативните членки на Европската банкарска федерација**

- на 31.5.2022 година,  заменик претседателот м-р Тони Стојановски и извршниот секретар присуствуваа на 53. состанок на асоцијативните членки што се одржа во Истанбул, Турција
- На 28.9.2022 година, претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева и заменик претседателот м-р Тони Стојановски учествуваа на 54. состанок на асоцијативни членки во Брисел, Белгија

✓ **учество на Европскиот банкарски самит**

- 29.9.2022 година, претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева и заменик претседателот м-р Тони Стојановски присуствуваа на Европскиот Банкарски Самит во Брисел, Белгија

✓ **учество на состаноци на Работна група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација (FEPG)**

- на 01.02.2022 година, присуствуваше извршниот секретар
- на 14.4.2022 година,  учествуваа извршниот секретар и вработената Ивана Панчевска

✓ **учество на Европскиот квиз на пари**

- на 10.5.2022 националните победници учествуваа на  европското финале на Европскиот квиз на пари кое и оваа година се одржа виртуелно

***Соработка со БАЦЕЕ***

✓ **учество на регионални конференции на Банкарска асоцијација на централна и источна Европа БАЦЕЕ**

- 08.02.2022 година, учество на  виртуелна 43 Банкарска конференција
- 19.4.2022 година, учество на виртуелна  10th AML/Compliance Conference
- 21.10.2022 година, присуство на извршниот секретар на  44. банкарска конференција во Будимпешта

***Други активности***

- **соработка со НБРСМ, Министерството за финансии на РСМ и другите институции важни за одржување на финансиската стабилност во земјата:**
  - 15.02.2022 година, одржан состанок со советникот на премиерот на Владата на РСМ, г-дин Johannes Heidecke, ангажиран во кабинетот на премиерот на Владата на РСМ со претседателството на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи и претседавачот на Комисијата за платен промет
  - 11.4.2022 година, реализирана средба на претседателката на МБА, д-р Маја Стевкова Штериева со министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, во врска со предвремената исплата на пензиите. На состанокот присуствувале претседавачот на Правната комисија и претседавачот на Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ
  - 12.4.2022 година, одржан состанок на Комисијата за платен промет во земјата и странство со претставници на Управата за јавни приходи во врска со доставеното барање за унифицирано постапување на носителите на платниот промет при реализација на решенијата за присилна наплата
  - 13.4.2022 година, одржан состанок на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи во врска со иницијативата за поврзување на банките со Царинска управа,
  - 27.4.2022 година, присуство на Свечената академија по повод одбележувањето на јубилејот 30 години од монетарното осамостојување организирана од Народната банка
  - 29.4.2022 година, доставена информација во врска со стечајната постапка на Еуростандард Банка АД Скопје во стечај и барање за преиспитување на работата на директорот на Фондот за осигурување на депозити до претседателот на Владата, министер за финансии, министер за правда, гувернер на Народна банка и претседател на Судски совет
  - 20.6.2022 година, учество на виртуелен консултативен состанок за проект на Народна банка во соработка со Европскиот Фонд за Југоисточна Европа (ЕФСЕ) за ФИНТЕК
  - 13.7.2022 година, одржан состанок на извршниот секретар со г-ѓа Маргарета Атанасова од УСАИД
  - 04.8.2022 година, претседателката на МБА д-р Маја Стевкова-Штериева и заменик претседателот м-р Тони Стојановски присуствуваа на состанок во Министерството за финансии, на тема „Започнување на јавна дебата за даночните реформи со презентација на концептот“
  - 20.9.2022 година, извршниот секретар присусутвуваше на состанок на Националниот совет за дигитална трансформација на општеството во Владата на РСМ
  - 23.9.2022 година, претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева и заменик претседателот м-р Тони Стојановски, претставници од комисиите и вработени при МБА А присуствуваа на 21 Годишна Конференција на Македонска берза АД Скопје
  - 20.10.2022 година, претседателката д-р Маја Стевкова-Штериева учествуваше на настан по повод 15 години од првата електронска трансакција во организација на Casys International
  - 14.10.2022 година, одржан состанок на Извршниот и Надзорниот Одбор на АЦИ Македонија ЗФП
  - 04.10.2022 година, претставници од МБА учествуваа на 14-та конференција за плаќањата и платежната инфраструктура - Дигиталната трансформација дава

просперитетна иднина на нови иновативни методи на плаќања во организација на Народна банка

- 26.10.2022 година, одржана презентација на Академијата за сајбер безбедност на АУЕ – ФОН, пред претседателството на Комисијата за информативна сигурност
- 28.10.2022 година, доставен допис за поддршка на проектот Лабораторија за истражување, креирање и иновативност ГРИНФИН ЛАБ до Факултетот за туризам и угостителство, катедра за осигурување, Охрид
- 01.11.2022 година, во рамките на соработката со Министерството за финансии, проследен предлог за тренинзи од АТТФ за 2023 година
- 28.10.2022 година, номиниран г-дин Горан Анастасовски за заменик член на МБА во Националниот совет за дигитална трансформација на општеството
- 09.11.2022 година, одржан состанок на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи со претставници од Управата за финансиско разузнавање на РСМ
- 14.11.2022 година, претседателството и извршниот секретар присуствуваа на состанок во Министерството за финансии во врска со предлог - законските одредби за оданочување на каматите од депозитите
- 14.11.2022 година, присусство на претседавачот на Комисијата за работа со хартии од вредност, на средба во Министерството за финансии во врска со оданочување на капиталните добивки
- 25.11.2022 година, претседавачот на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи и Заменик претседавачот на Правната комисија учествуваа на затворена тркалезна маса за претставување на нацрт верзијата на Законот за потекло на имот, при Проектот против економски криминал имплементиран од Советот на Европа во рамки на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција
- 29.11.2022 година, до Министерство за правда номиниран претставник во работна група за нов Закон за заштита на укажувачи
- 23.12.2022 година, присуствуво на претседателството на МБА на состанок во Министерството за финансии на тема данок на екстра профит
- 27.12.2022 година, проследена – Препорака за ден за порамнување, до сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност на барање на Македонска Берза
- 27.12.2022 одобрено барањето за соработка на МБА со КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

✓ **Учество на претставници на МБА на настани организирани од други банкарски здруженија**

- 25.5.2022 година, Заменик претседавачот на Комсијата за СПП и усогласеност со прописи учествуваше на 17-то годишно советување за функцијата „COMPLIANCE“ во банките во организација на Здружението на банки на Србија
- 29.9.2022 година, извршниот секретар и претседавачот на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи учествуваа на Regional Conference on AML / CFT во организација на Банкарската Асоцијација на Косово
- 05.10.2022 година, претставници од МБА учествуваа на состанок на Проект-групата за финансиска едукација (The Financial Education Project Group - FEPG) во рамки на Европската банкарска федерација
- 14.11.2022 година, одржан состанок со претставници на Deutsche Sparkassenstiftung for International Cooperation од Албанија за понатамошна соработка
- 23.11.2022 година, одржан состанок на претседавачот на Комисијата на информативна сигурност со претставник од Здружението на банки на Србија

- 17.11.2022 година, панелсист и претставници од МБА присуствуваа на настан "Role of Private and Financial Sector in Sustainable Development, Development Financing and Green Transformation" во организација на Секретаријатот на Регионалниот совет за соработка (RCC), Стопанската комора на Црна Гора и Здружението на банки на Црна Гора

- ✓ **учество на вработените и претставници на комисиите на семинари, работилници и други настани; учество на настани/состаноци заради јакнење на угледот на асоцијацијата**
  - 01.04.2022 година, одржан состанок со претставници на Светска банка во врска со најновите трендови во банкарскиот сектор и неговата стабилност како последица од Ковид-19 кризата, инфлацијата и случувањата во Украина. Од МБА присуствуваа заменик претседателот м-р Тони Стојановски и извршниот секретар
  - 27.4.2022 година, претседателството на Комисијата за СПП и усогласеност со прописи присуствуваше на 'TAIEX Expert Mission on the Implementation and Enforcement of Restrictive Measures (Sanctions)"- European Commission)
  - 28.4.2022 година, извршниот секретар присуствуваше на Осма меѓународна истражувачка конференција организирана во соработка со Европската инвестициска банка
  - 04.5.2022 година, учество на конференција во организација на Светска банка, во рамките на редовниот економски извештај на тема "Управување со кризи" за економските случувања во земјите на Западен Балкан
  - 10.5.2022 година, претседателката д-р Маја Стевкова Штериева учествуваше на Годишно собрание - Бизнис форум на Европската Банка за Обнова и Развој во Маракеш, Мароко
  - на 30 и 31.5.2022 година, претседавачот на Комисјата за СПП и усогласеност со прописи учествуваше на работилница ,,Regional workshop on Beneficial Ownership Transparency, во организација на GIZ во Будва, Црна Гора
  - на 06.6.2022 година, МБА, Народната банка и Комисијата за хартии од вредност доделија сертификати и симболични награди на трите најдобро пласирани тимови на националниот натпревар на Европскиот квиз на парите
  - на 07.7.2022 година, се одржа состанок на претставници на членките и Светска банка во врска со поддршка на мали и средни фирми
  - на 08.7.2022 година, учество на тркалезна маса организирана од Асоцијацијата за е-трговија и Државниот завод за статистика
  - на 26.9.2022 година, извршниот секретар присуствуваше на презентација за "North Macedonia Trade Competitiveness Diagnostic and State Aid Effectiveness Report", во организација на Светска Банка
  - на 27-28.9.2022 година учество на Националната работилница за подготовка на национална стратегија за правата на лицата со попреченост во организација на Владата на РСМ во соработка со МТСП и Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)
  - 28.9.2022 година присуство на панел: Finance talks од EOS Matrix на тема - Придобивки од имплементација на европските законски решенија во домашниот финансиски сектор"
  - 26.10.2022 година, одржан состанок со претставници на ММФ
  - 12.10.2022 година, учество на извршниот секретар на прослава по повод 95 години од постоењето на Агенција за катастар на недвижности

- 07.10.2022 година, присуство на претставник од МБА на настан Пристап до правда, еднаквост, заштита од дискриминација и политичко учество во рамки на Националната стратегија за правата на лица со попреченост, во организација на Владата на РСМ, МТСП и Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)
- 08.11.2022 година, одржан состанок со претставници од Полио Плус-организација за лица со хендикеп
- 09.11.2022 година, одржана презентација од претставници на АУЕ-ФОН на Академија за сајбер безбедност за Комисијата за информативна сигурност
- 11.11.2022 година, присуство на извршниот секретар на 5 - та Годишна конференција за е-трговија
- 24.11.2022 година, претставници од МБА присуствуваа на презентација "Платежни услуги и осврт кон новиот Закон за платежни услуги и платни системи**"** во рамки на Деновите на финансиска писменост, во организација на финансиските регулаторни институции во соработка со приватниот финансиски сектор
- 24.11.2022 година, претставници од МБА присуствуваа на презентација "Информации потребни при избор на кредит" во рамки на Деновите на финансиска писменост
- 22.12.2022 година, претставници на МБА присуствуваа на третата работна средба на Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија, во организација на Народна банка
- 22.12.2022 година, претставници на МБА присуствуваа на работилница - Справување со актуелните ризици и осврт на решенија за иднината, презентер Димитар Фуна

- **Активности за зголемување на свесноста за последиците од климатските промени**:
  - 22.2.2022 година, до Комисијата за човечки ресурси проследена покана од кабинетот на заменикот на претседателот на владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, за учество на онлајн програма од обуки на теми поврзани со Зелениот климатски фонд
  - 17.5.2022 година, до Комисијата за ризици проследено барање од German Sparkassenstiftung (Фонд за финансиска едукација и инклузија) поттема што би сакале да се вклучи и разработи од нивниот експерт на работилница за Зелени финансии и ESG
  - 07.6.2022 година беше одржана Работилница за ESG регулатива за банкарскиот сектор во ЕУ организиран од PriceWaterhouse Coopers
  - 07.12.2022 година, претставници на МБА учествуваа на две работилници на тема „Navigation to Green Finance-ESG Risk Radar & Green Finance Compass“ во организација на Deutsche Sparkassenstiftung, International Cooperation

- ✓ **Редизајнирање на веб страната на Асоцијацијата –** реализирано
- ✓ **Воведување нови содржини на веб страната на Асоцијацијата** – со сосотојба на 31.3.2022 година започна објавување макроекономски показатели и показатели за банкарскиот систем,

2. **Склучени Меморандуми за соработка**

На 08 јуни 2022 година Македонската банкарска асоцијација и Агенцијата за Заштита на лични податоци ( АЗЛП) склучија Меморандум за соработка, потврдувајќи ги заедничките цели за постојано унапредување на степенот на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија. МБА и АЗЛП ќе соработуваат во однос на заштитата на личните податоци во согласност со Меморандумот, почитувајќи ги законските цели и надлежности на АЗЛП како и интерните акти на МБА.

**3. Финансиски извештај за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

За спроведување на предвидените активности во Програмата за дејствување за 2022 година, се користени средства собрани од членарина.

во МКД

| | | План за 2022 година | Реализирано 31.12.2022 |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **12.512.853** | **12.490.239** |
| 1 | Приходи од членарини | 6.642.000 | 6.656.207 |
| 2 | Камати и други приходи | | |
| 3 | Пренос | 5.870.853 | 5.834.032 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **9.374.512** | **7.191.136** |
| 1 | Канцелариски материјали | 50.000 | 55.979 |
| 2 | Услуги за одржување, ИТ и други | 374.800 | 215.317 |
| 3 | Превоз, телефон, ППТ | 739.380 | 268.810 |
| 4 | Трошоци за репрезентација | 964.000 | 941.436 |
| 5 | Наем на канцелариски простор и техничка опрема | 1.764.000 | 1.438.684 |
| 6 | Банкарски услуги, негативни курсни разлики,нотарски трошоци,премии за осигурување | 45.000 | 37.524 |
| 7 | Службен пат | 679.200 | 404.299 |
| 8 | Сметководствени услуги | 147.440 | 157.973 |
| 9 | Фонд за едукација и унапредување на работата на МБА, договори на дело и друго | 1.230.880 | 491.765 |
| 10 | Набавка на мебел, компјутер, принтер | 369.000 | 302.628 |
| 11 | Плата, регрес | 2.545.812 | 2.577.906 |
| 12 | Членарина за ЕБФ | 465.000 | 298.815 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **12.512.853** | **12.490.239** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **9.374.512** | **7.191.136** |
| **СОСТОЈБА НА СМЕТКА** | | **3.138.341** | **5.313.356** |
| **ДОБИВКА ЗА 2023 ГОДИНА** | | | **5.299.103** |

**Заклучок**

Заклучно со 31.12.2022 година, Програмата за дејствување на Македонска банкарска асоцијација за 2022 година и Финансискиот план на Македонска банкарска асоцијација за 2022 година во најголем дел беше реализирана согласно планираното.